Еџ-бр. 08- 177/7
03 - 07. 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 65 седница одржана на 19.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Електроенергетика и обновливи извори на енергија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС)„ на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

1.Се акредитира студиската програма „Електроенергетика и обновливи извори на енергија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран инженер по електроенергетика и обновливи извори на енергија / во меѓународен промет, академски, назив: Bachelor od Science in power engineering and renewable energy sources.
Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.02 Електротехника, електроника и информациско инженерство, Научно – истражувачка област: 2.02.00.05 Електроенергетика, 2.02.00.19 Обновливи извори на енергија.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 0201-926/32 од 26.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Електроенергетика и обновливи извори на енергија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-134/1 од 27.01.2026 година (наш бр. 08 - 177/1 од 28.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 177/6 од 23.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 65-та седница одржана на 19.06.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков